Согласно со член 28 став 1 од Законот за животна средина („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 79/06, 101/06, 109/06, 24/07, 159/08, 83 / 09, 161/09, 1/10, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 , 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18) и со член 27 став 1 точка 6 од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Одборот на Универзитетот, на состанокот одржан на 9.9.2019 година го одобри следниов:

# Правилник за заштита за животната средина на Универзитетот

## I. Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат еколошката безбедност, развојот на одржлива енергија и промовирањето на свесноста за еколошките проблеми.

## II. Заштитата на животната средина на Универзитетот

**Член 2**

(1) Строго е забрането фрлање на отпадот на површината на просториите на Кампусот или на Универзитетот. Сите вработени, студенти и посетители треба да го користат инсталираниот капацитет (корпи и контејнери) за оваа намена.

(2) Хартијата, пластиката и лименките се фрлаат само во специјални контејнери за рециклирање.

**Член 3**

Забрането е да се гази тревата и да се оштетуваат дрвјата или растенијата.

**Член 4**

Строго е забрането плукање каде и да било во просториите на Универзитетот.

**Член 5**

Оштетувањето на зградите (внатре и надвор) или кој и било имот на Универзитетот е забрането.

**Член 6**

Службата за безбедност и одржување на УЈИЕ ќе го следи спроведувањето на овој Правилник.

## III. Санкции

**Член 7**

Секое прекршување на овој Правилник ќе биде забележано од службата за обезбедување која може да даде опомени. Повторните прекршоци ќе бидат пријавени до Канцеларијата за човечки ресурси, кои ќе изречат парични казни поврзани со штетата и / или ќе преземаат дисциплински мерки.

## IV. Завршни одредби

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила на 01.10.2019 година.